РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# *Записник од првиот конститутивен состанок на Комитетот за следење на ИПАРД II*

## *17 февруари 2016*

Арх. бр.  - ________/_____

Датум: __________, 2016

Скопје

## I. ЛИСТА НА УЧЕСНИЦИ

Секретаријат на Комитетот за следење на ИПАРД: Раководител на Сектор за управување со ИПАРД , м-р Билјана Костовска.

*Присутни членови на Комитетот за следење на ИПАРД* :

1. **Абдилгафар Синани**, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство;
2. **Игор Златков**, Агенција за поттикнување на развојот на земјоделството;
3. **Маја Лазареска**, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство;
4. **Ѓорѓи Божинов,** Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство;
5. **Вулнет Арифи,** Министерство за локална самоуправа;
6. **Дарко Пешевски,** Министерство за транспорт и врски;
7. **Сузана Поповска**, Агенција за храна и ветеринарство;
8. **Љиљана Вукович,** Агенција за подршка на претприемништвото на Република Македонија;
9. **Стеванче Јорданоски**, Федерација на фармери во Република Македонија;
10. **Робертина Брајаноска**, Македонско Еколошко Друштво;
11. **Ефтим Шаклев**, Асоцијација на земјоделци;
12. **Петар Ѓеоргиевски**, Мрежа за рурален развој на Р.М;
13. **Проф Д-р Ана Котевска**, Факултет за земјоделски науки и храна;
14. **Сашо Ристевски**, Македонска асоцијација на преработувачи;
15. **Олга Стоименова,** Здружение на жени земјоделки "Агро-Винка", Виница;
16. **Огнен Оровчанец,** Сојуз на стопански комори на Република Македонија;
17. **Владимир Петков,** Факултет за ветеринарна медицина – Скопје;
18. **Лазар Котевски,** Заедница на единиците на локалната самоуправа;
19. **Проф Д-р Верица Илиева,** Факултет за земјоделски науки и храна – УГД Штип;

***Присутни заменик членови на Комитетот за следење на ИПАРД:***

1. Виолета Димитрова, Министерство за труд и социјална политика;



*Проект спроведен од Тело за управување со ИПАРД, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство*
*Ул. Аминта трети, бр 2; Тел +389 2 313 44 77*
*Финансирано: Мерка техничка помош од ИПАРД 2014-2020*

2. Билјана Б. Златеска, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство.
3. Љубица Герасимова, Секретаријат за европски прашања.

*Претставници на Европска Комисија (ЕК) со советодавна улога:*

1. **Џерард Кили**, Директорат за земјоделство и рурален развој, (ГД-Агри);

2. **Елица Живкова**, Директорат за земјоделство и рурален развој, (ГД-Агри);

Претставници од Европска Делегација;

1. **Оливиер Мас**, Делегација на Европска Унија во Република Македонија.

*Претставници на ИПАРД структурата:*

*Претставници од НАО и НФ :*

*1. Александра Симјановска, Министерство за финансии.*

Претставници од Тело за Управување со ИПАРД (ТУ):

1. **Билјана Костовска**, Раководител на Сектор ИПАРД;
2. **Младен Колариќ**, Раководител на Одделение за следење на имплементација на ИПАРД фондови и известување;
3. **Виктор Младеновски**, Раководител на Одделение за спроведување на Техничка помош од ИПАРД фондови;
4. **Василка Тамбуркова**, Одделение за следење на имплементација на ИПАРД фондови и известување;
5. **Оливер Стефановски**, Одделение за спроведување на Техничка помош од ИПАРД фондови;
6. **Јасмина Хаџибулиќ**, Одделение за следење на имплементација на ИПАРД фондови и известување;

7. **Златко Колевски,** Одделение за спроведување на Техничка помош од ИПАРД фондови;
8. **Ангел Карапетров**, Одделение за спроведување на Техничка помош од ИПАРД фондови;
9. **Гордана Смилеска**, Одделение за следење на имплементација на ИПАРД фондови и известување;
10. **Душко Јакимовски,** Одделение за програмирање и проценка на ИПАРД фондовите
11. **Габриела Петрова,** Одделение за спроведување на Техничка помош од ИПАРД фондови;
12. **Сациде Демири,** Одделение за координација за подготвителни активности за агро - еколошки мерки - ЛИДЕР.
13. **Мухадин Лимани,** Одделение за програмирање и проценка на ИПАРД фондовите

*Претставници од Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој (АФПЗРР):*

1. **Билјана Вуковиќ**, Директор, Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој (АФПЗРР);

2. **Маја Брајовиќ**, Раководител на Сектор, Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој (АФПЗРР);

3. **Никола Димитровски,** Раководител на Сектор, Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој (АФПЗРР).

**Резултати: Заменик претседател на Комитетот, 19 членови и 3 заменици, со право на глас (од вкупно 26 члена со право на глас) учествуваа на состанокот. Со тоа се постигна кворум од 2/3 од членовите со право на глас за одржување на состанокот согласно Деловникот за работа член 9 став 4.**

***Листа на присутност на членовите од состаноците на Комитетот за следење на ИПАРД е прикажана во Прилог 1 од овој Записник.***



*Проект спроведен од Тело за управување со ИПАРД, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство*
*Ул. Аминта трети, бр 2; Тел +389 2 313 44 77*
*Финансирано: Мерка техничка помош од ИПАРД 2014-2020*

***<u>Листа на набљудувачи е прикажана во Прилог 2 од овој Записник.</u>***

II. ДНЕВЕН РЕД

III. РЕЗУЛТАТИ ОД СОСТАНОКОТ НА КОМИТЕТОТ ЗА СЛЕДЕЊЕ НА ИПАРД:

**1. Во врска со точка 1 од дневниот ред: „ Усвојување на предлог Дневниот ред на 1 состанок на Комитетот за следење на ИПАРД 2014- 2020"**

Состанокот го отвори Раководителот на секторот за управување со ИПАРД, Билјана Костовска која се извини во име на Претседавачот на комитетот, Заменик Министерот Ванчо Костадиновски, кој не беше во можност да присуствува на состанокот и им посака добредојде на сите присутни на состанокот како и на новите членови на Комитетот и на претставниците од Европската Комисија (ЕК).

Земајќи во предвид дека поради усогласувањето на документите, односно придружните материјали кои што се доставуваат до членовите пред одржување на состанок на Комитетот за следење на ИПАРД со ЕК, посебно Планот за евалуација на ИПАРД Програмата 2014- 2020 како и Планот за комуникација и видливост на ИПАРД Програмата 2014- 2020, доставени се до членовите на МК со задоцнување. Поради недостиг на време за разгледување на документацијата од страна на членовите, РС ги извести членовите на Комитетот за следење на ИПАРД дека истите може да се усвојат по пат на пишана процедура. Воедно ги информираше членовите на Комитетот за следење на ИПАРД за предлог дневниот ред за првиот состанок на Комитетот за следење на ИПАРД II.

Членовите на Комитетот за следење на ИПАРД во отсуство на забелешки во однос на дневниот ред ја усвоија следнава одлука:

**Одлука бр.1**: Комитетот за следење на ИПАРД II го усвои Дневниот ред за првиот состанок на Комитетот за следење на ИПАРД II.

***<u>Усвоениот дневен ред е прикажан во Анекс 1.</u>***



*Проект спроведен од Тело за управување со ИПАРД, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство*
*Ул. Аминта трети, бр 2; Тел +389 2 313 44 77*
*Финансирано: Мерка техничка помош од ИПАРД 2014-2020*

**2. Во врска со точка 2 од дневниот ред: „ Усвојување на Деловникот за работа на Комитетот за следење на ИПАРД II"**

Раководителот на Секторот за управување со ИПАРД ги информираше членовите на Комитетот за следење на ИПАРД за Предлог Деловникот за работа на Комитетот за следење на ИПАРД II.

Членовите на комитетот за следење на ИПАРД во отсуство на забелешки по однос на деловникот ја усвоија следнава одлука:

| |
|---|
| **Одлука бр.2:** Комитетот за следење на ИПАРД II го разгледа и усвои Деловникот за работа на Комитетот за следење на ИПАРД II |

*Усвоениот Записник е прикажан во Анекс 2.*

**3. Во врска со точка 3 од дневниот ред: „Информација во однос на усвојување на Секторската спогодба за ИПАРД II"**

Претставникот од СЕП информираше за статусот со ратификација односно усвојување на Секторската спогодба за ИПАРД II.

Членовите на комитетот за следење на ИПАРД во отсуство на забелешки по однос на точка 3 го усвоија следниов заклучок:

| |
|---|
| **Заклучок бр. 1**: Комитетот за следење на ИПАРД II се информираше во однос на статусот со усвојување на Секторската спогодба за ИПАРД 2014- 2020 Програмата. |

**4.Во врска со точка 4 од дневниот ред: „Статус со спроведување на ИПАРД Програмата 2014-2020"**

**4.1. Во врска со точка 4.1 од дневниот ред: „Информација во однос на реакредитација и акредитација на нови мерки"**



*Проект спроведен од Тело за управување со ИПАРД, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство*
*Ул. Аминта трети, бр 2; Тел +389 2 313 44 77*
*Финансирано: Мерка техничка помош од ИПАРД 2014-2020*

Во однос на оваа потточка PC ги информираше членовите на МК во однос новата ИПАРД II Програма која што ги содржи претходните 3 мерки од 2007- 2013, но и нова мерка: „Рурална инфраструктура" која што ќе биде наменета само за општините.

Преставникот од НАО информираше за конечната верзија пакетот за ре-акредитација на процедурите за ИПАРД II Програмата. Земајќи во предвид дека се очекува акредитација на мерката „Рурална инфраструктура" потребна е модификација на дел од веќе постоечките документи и да се прилагодат на новите барања на ИПАРД II Програма. Драфт пакетот беше доставен до ЕК во јули 2015 а коментарите од страна на ЕК се добиени во јануари 2016 и се во фаза на разгледување. Во моментов ИПАРД Оперативната структура работи на до-усогласување на процедурите и истите ќе бидат доставени до НАО за понатамошно разгледување. Се очекува финалните документи за ре-акредитација на мерките во рамки на ИПАРД II Програмата да бидат доставени до ЕК во април 2016 година.

За мерката Рурална инфраструктура кај која корисници се јавуваат само општините, е подготвена првата нацрт верзија од акредитацискиот пакет и е доставен до НАО. Втората ревидиран нацрт верзија е исто така доставена и истата е во фаза на проверка. Финалната верзија за мерката Рурална инфраструктура ќе биде доставена до ЕК во јуни 2016 година.

Мерките ЛИДЕР и Мерката Советодавни услуги , сеуште се во подготовка за да бидат вклучени во ИПАРД програмата 2014-2020.

Членовите на Комитетот за следење на ИПАРД во отсуство на забелешки по однос на точка 4.1 го усвоија следниов заклучок:

**Заклучок бр. 2**: Комитетот за следење на ИПАРД II се информираше за ре-акредитација и акредитација на нови мерки.

**4.2. Во врска со потточка 4.2 од дневниот ред: „Информација во однос на планот за јавни повици за период 2014-2020"**

Преставникот од АФПЗРР Маја Брајовиќ информираше за планот за јавните повици за програмскиот период 2014-2020. Наредниот програмски период има на располагање околу 60 милиони евра кои ке почнат да се користат веднаш по завршувањето на ИПАРД I. Првиот јавен повик за ИПАРД II се очекува да се објави кон средината на јули 2016 година. Во 2016 година се очекува да има два јавни повици а веќе од наредните години, се очекува да има по четири јавни повици годишно.

Членовите на Комитетот за следење на ИПАРД во отсуство на забелешки по однос на точка 4.2 го усвоија следниов заклучок:

**Заклучок бр. 3:** Комитетот за следење на ИПАРД II се информираше во однос на планот за јавни повици за периодот 2014- 2020 година

**4.3. Во врска со потточка 4.3 од дневниот ред: „ Воведување на нови мерки ИПАРД 2014-2020"**

Г-динот Доналд Акилина, Претставник на НИМС проектот, информираше за подготовката на мерките ЛИДЕР и Советодавни услуги кои се во финална фаза. Фишето за мерките е готово и ке се достави до Телото за управување со ИПАРД на последна контрола. Доколку има некоја забелешка, истите ке се земат во предвид, и ќе мерките испратат до ЕК на нивно усвојување. Г-динот Доналд Акилина истакна дека во наредните неколку недели ќе се одржи техничка работилница со надворешни експерти, ТУ и АФПЗРР каде што ќе се дебатира во однос на искуствата за национални рурални мрежи од другите земји и кое секако ќе придонесе за развој на стратегија за спроведување на препораките за ТУ за воспоставвување на национална рурална мрежа во Република Македонија.

Во врска со оваа потточка Г-динот Петар Ѓоргиевски преставник од Рурална мрежа на Македонија отвори дискусија за тренинг обуките кои се предвидени со мерката ЛИДЕР при што Г-динот Доналд Акилина истакна дека точното време за одржување на тренинг обуките ке се одреди во консултација со ТУ .



*Проект спроведен од Тело за управување со ИПАРД, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство*
*Ул. Аминта трети, бр 2; Тел +389 2 313 44 77*
*Финансирано: Мерка техничка помош од ИПАРД 2014-2020*

Претставникот од АФПЗРР Г-ѓа Маја Брајовиќ информираше дека во тек е Твининг проектот „Понатамошно зајакнување на капацитетите на ИПАРД Агенција за новиот програмски период 2014- 2020 " кој се одвива во соработка со земји членки на ЕУ: Холандија, Словенија и Естонија. Истиот е започнат на 15 декември 2015 година и ќе трае 21 месец. Првиот очекуван резултат од овој проект е т.н проценка на целокупните капацитети на ИПАРД Агенцијата, како од аспект на човечки ресурси така и од аспект на процедурите односно испитување на можноста за поедноставување на процедурите. Преку овој проект ќе се направи подетална анализа на причината за одбивање на проектите и ќе следат понатамошни тренинзи за постоечките мерки. Втората компонента на овој проект е ре- акредитација на веќе постоечките мерки. Третата компонента е акредитација на новите мерки.

Членовите на Комитетот за следење на ИПАРД по однос на точка 4.3 го усвоија следниов заклучок:

**Заклучок бр. 4:** Комитетот за следење на ИПАРД II се информираше во однос на воведување на новите мерки од ИПАРД 2014- 2020 Програмата.

**5. Во врска со точка 5 од дневниот ред : „Усвојување на Планот за Евалуација на ИПАРД 2014-2020 "**

Раководителот на Секторот за управување со ИПАРД информираше за Планот за Евалуација. Земајќи во предвид дека Планот за евалуација кој претходно им беше доставен на членовите на Комитетот, а истиот со задоцнување, Раководителот на Секторот за управување со ИПАРД додаде дека ке имаат дополнителни 7 дена за разгледување и забелешки (доколку ги има). Во контекст на своето излагање РС ја донесе следнава Одлука:

**Одлука бр. 3:** Комитетот за следење на ИПАРД II го разгледа Планот за Евалуација на ИПАРД 2014- 2020 Програмата и ке се изјасни во рок од 7 дена со коментари по истиот. Доколку нема коментари, Планот за Евалуација на ИПАРД 2014-2020 ќе се смета за усвоен од страна на Комитетот.



*Проект спроведен од Тело за управување со ИПАРД, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство*
*Ул. Аминта трети, бр 2; Тел +389 2 313 44 77*
*Финансирано: Мерка техничка помош од ИПАРД 2014-2020*

Претставникот од Федерација за фармери Г-динот Шаклев искажа свое мислење во врска со подобрување на комуникацијата со АФПЗРР и земјоделците. Воедно додаде дека средствата од ЕУ се наменети за зголемување на конкурентноста на пазарот, а досега најмногу средства се искористени за механизација. Можноста за легализацијата на фармите ке доведе до подобра искористеност на средствата од ИПАРД 2014-2020. Воедно додаде дека постапката на обработка на апликациите трае многу долг временски период. Со забрзување на постапката ке има поголема заинтересираност и искористеност на средствата од ИПАРД II Програмата. Г- динот Шаклев постави прашање до преставникот на ЕК Г-дин Кили, дали постои можност да се организира посета во Брисел со ЕК за да се произнесат проблемите со кои се соочува нашата земја, како би можеле да се соберат искуства од Европската Унија за подобрување на развојот на земјоделството во нашава земја.Исто така Г-динот Шаклев искажа загриженост во однос на тоа што и какви мерки ке се превземат доколку дојде до дефицит на средства во ИПАРД II.

Претставникот од ЕК Г-динот Кили напомена дека идејата за посета на Брисел од страна на претставниците на Комитетот за следење на ИПАРД нема да придонесе кон добивање на посебни придобивки. Всушност, Европската Комисија во Р.Македонија испраќа свои претставници односно експерти чија цел е произнесување на сите идеи и можности за во Р.Македонија да успее ИПАРД Програмата во целост. Исто така додаде дека преку мерката Техничка помош може да се испратат претставници од Комитетот за следење на ИПАРД да се сретнат со членови на Комитети од други земји и да разменат искуства. .

Г-динот Кили посочи дека нема потреба од загриженост од можноста за дефицит на средства во ИПАРД II програмата, поради тоа што нецелосната искористеност на средствата од ИПАРД I програмата, наведува на веројатноста дека ниту ИПАРД II нема да се искористи во целост-доволна причина дека нема место за загриженост.

Преставникот од АФПЗРР Г-ѓа Маја Брајовиќ се надоврза на дискусијата за комуникацијата на АФПЗРР со земјоделците: Во моментот во АФПЗРР има вработено три лица кои работат во кол центарот кои даваат информации за секоја програма. Две



*Проект спроведен од Тело за управување со ИПАРД, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство*
*Ул. Аминта трети, бр 2; Тел +389 2 313 44 77*
*Финансирано: Мерка техничка помош од ИПАРД 2014-2020*

лица се задолжени за е-маил комуникација. Секој земјоделец кој се обратил лично во АФПЗРР за информација за било која програма, адекватно е услужен.

Раководителот на Секторот за управување со ИПАРД Билјана Костовска врз основа на дискусијата која беше покрената од Г-динот Шаклев додаде дека слабата искористеност на ИПАРД I програмата е поради и влијанието на многу други фактори кои не се надлежност на ТУ и АФПЗРР како што се, проблемот со легализацијата, донесувањето на детални урабанистички планови и др.

Раководителот на Секторот за управување со ИПАРД Билјана Костовска информираше дека од 1 Март до 31 мај 2016, година ќе се одржат инфо-денови ( Посета на 1000 села) на кои ќе бидат презентирани можностите за ко-финансирање кои се во рамки на новиот програмски период ИПАРД 2014-2020.

**6. Во врска со точка 6 од дневниот ред: „Усвојување на План за информирање, видливост и публицитет на ИПАРД Програмата за период 2014-2020"**

Раководител на Одделението за Техничка помош, Виктор Младеновски информираше во однос на Планот за информирање, видливост и публицитет на ИПАРД Програмата за период 2014-2020.

Земајќи во предвид дека Планот за информирање, видливост и публицитет на ИПАРД Програмата 2014- 2020 претходно им беше доставен на членовите на Комитетот но со задоцнување, Раководителот на Секторот за управување со ИПАРД додаде дека ке имаат дополнителни 7 дена за разгледување и забелешки..

Членовите на комитетот за следење на ИПАРД по однос на точка 4.2 ја усвоија следнава Одлука:

**Одлука бр. 4:** Комитетот за следење на ИПАРД II го разгледа Годишниот акциски план за видливост и публицитет на ИПАРД Програмата 2014-2020 и Годишниот Акциски План за публицитет за 2016 година и ке се изјасни во рок од 7 дена со коментари по истиот. Доколку нема коментари, Годишниот акциски план за



*Проект спроведен од Тело за управување со ИПАРД, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство*
*Ул. Аминта трети, бр 2; Тел +389 2 313 44 77*
*Финансирано: Мерка техничка помош од ИПАРД 2014-2020*

видливост и публицитет на ИПАРД Програмата 2014-2020 и Годишниот Акциски План за публицитет за 2016 година ќе се сметаат за усвоени од страна на Комитетот.

**7. Во врска со точка 7 од дневниот ред: „Разно"**

Во однос на оваа точка не беше покрената дискусија.

**8. Во врска со точка 8: „Предлог Дневен ред за следниот втор состанок на Комитетот за следење на ИПАРД и усогласување на датумот за негово одржување"**

Во врска со точка 8 од дневниот ред РС Билјана Костовска, информираше за предлог дневниот ред за следниот состанок на Комитетот состанок за следење на ИПАРД 2014- 2020. Во однос на наредниот состанок на Комитетот за следење на ИПАРД 2014-2020, Билјана Костовска информираше дека истиот ќе се одржи на есен а датумот ќе биде договорен со ЕК.

Раководителот на Секторот за управување со ИПАРД Билјана Костовска го затвори состанокот и го прогласи за успешен.

| ОД СТРАНА НА КОМИТЕТОТ ЗА СЛЕДЕЊЕ НА ИПАРД: | ОД СТРАНА НА СЕКРЕТАРИЈАТОТ: |
|---|---|
| М-р Нефрус Челику | Билјана Костовска |
| Титула: Претседател | Раководител на Сектор за управување со ИПАРД |
| Потпис: | Потпис: |
| Датум: | Датум: |



*Проект спроведен од Тело за управување со ИПАРД, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство*
*Ул. Аминта трети, бр 2; Тел +389 2 313 44 77*
*Финансирано: Мерка техничка помош од ИПАРД 2014-2020*

# Листа на присутни на 1 ви Комитет за следење на ИПАРД

| Бр. | Титула и име на членовите | Институција | Присутен „√" | Отсутен „√" | Претставник „√" | Заменик | Последователни отсуства |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Ванчо Костадиновски | МЗШВ | | | | Билјана Костовска | 1 |
| **ДРЖАВНИ ИНСТИТУЦИИ** | | | | | | | |
| 2. | Г-ѓа Маја Лазаревска | МЗШВ | √ | | | | 0 |
| 3. | Г-дин Живко Брајковски | МЗШВ | | √ | | Билјана Б. Златеска | 1 |
| 4. | Г-дин Абдилгафар Синани | МЗШВ | √ | | | | 0 |
| 5. | Г-дин Ѓорѓи Божинов | МЗШВ | √ | | | | 0 |
| 6. | Г-ѓа Евгенија Серафимовска Кирковски | СЕП | √ | | | Љубица Герасимова | 1 |
| 7. | Г-дин Вулнет Арифи | МЛС | √ | | | | 0 |
| 8. | Г-ѓа Александра Матиќ - Север | МК | | √ | | | 1 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 9. | Г-дин Дарко Пешевски | **МТВ** | √ | | | | 0 |
| 10. | Г-дин Душан Томшиќ | **МТСП** | | √ | | Виолета Димитреиева | 0 |
| 11. | Г-ѓа Сузана Поповска | **АХВ** | √ | | | | 0 |
| АГЕНЦИИ | | | | | | | |
| 12. | Г-дин Игор Златков | **АПРЗ** | √ | | | | 0 |
| 13. | Г-дин Љиљана Вуковиќ | **Агенција за поддршка на претприемништвото** | √ | | | | 0 |
| ЕКОНОМСКИ И СОЦИЈАЛНИ ПАРТНЕРИ | | | | | | | |
| 14. | Г-дин Васко Ристовски | **Стопанска комора на Македонија** | | √ | | | 1 |
| 15. | Г-дин Огнен Оровчанец | **Агробизнис комора при Сојуз на стопански Комори на РМ** | √ | | | | 0 |

*Проект спроведен од Тело за управување со ИПАРД, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство*
*Ул. Аминта трети, бр 2, 1000 Скопје; Тел +389 2 313 44 77*
*Финансирано: Мерка техничка помош од ИПАРД 2014-2020*

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 16. | Г-дин Сашо Ристески | **Македонска асоцијација на преработувачи** | √ | | | | **0** |
| 17. | Г-дин Стеванче Јорданоски | **Федерација на фармери на Македонија** | √ | | | | **0** |
| 18. | Г-дин Вељо Тантаров | **Сојуз на земјоделци на Македонија** | | √ | | | **1** |
| 19. | Г-дин Лазар Котевски | **Заедница на единиците на локалната самоуправа** | √ | | | | **0** |
| 20. | Проф. Д-р Ана Котевска | **Факултет за земјоделски науки и храна** | √ | | | | **0** |
| 21. | Г-ѓа Олга Стоименова | **Здружение на жени земјоделки Агровинка, Виница** | √ | | | | **0** |
| 22. | Г-дин Драган Дојчиновски | **Комора на занаетчии** | | √ | | | **1** |
| 23. | Проф д-р Верица Илиева | **Факултет за земјоделски науки и храна – УГД Штип** | √ | | | | **0** |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 24. | Г-дин Ефтим Шаклев | **Асоцијација на земјоделци** | √ | | | | 0 |
| 25. | Г-дин Петар Ѓоргиев | **Рурална мрежа на Р.М** | √ | | | | 0 |
| 26. | Проф. Д-р Владимир Петков | **Факултет за ветеринарна медицина** | √ | | | | 0 |
| 27. | Г – дин Душан Томшиќ | **МТСП** | √ | | | | 0 |
| 28. | Г-ѓа Робертина Брајаноска | **Македонско еколошко друштво** | √ | | | | 0 |
| | ВКУПНО | | | | | | |

# Прилог 2: Листа на набљудувачи на Комитетот за следење на ИПАРД

**Претставници од државни институции:**

- Андријана Велевска - Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство;
- Александар Алдовски – Кабинет на Заменика Претседател на Владата на Република Македонија;
- Сања Костадинович Величковска – Факултет за земјоделски науки и храна УГД Штип;
- Ана Мицевска - Агенција за потикнување и развој на земјоделството;
- Златко Сирета - Агенција за потикнување и развој на земјоделството;
- Катерина Крстеска – Влада на Република Македонија;
- Елена Готовска – Кабинет на Претесатеделот на Владата на Република Македонија;
- Назмие Идризи, Министество за животна средина и просторно планирање;
- Дана Петреска, Секретаријат за европски прашања;

**Претставници од Ревизорско Тело:**

- Весна Младеновска – Сектор за ревизија за компонента V – ДЗР;
- Елизабета Саџовска - Сектор за ревизија за компонента V-ДЗР.

**Претставници од економски и социјални партнери:**

- Петар Глигоров - Здружение на средни земјоделски училишта, Претседател;
- Климе Балески - Земјоделски институт, Директор;
- Васил Костов - Институт за сточарство, Директор;
- Билјана Анѓелова - Економски институту;
- Јорде Јакимовски - Институт за социолошки политичко-правни истражувања;
- Дине Митрев - Факултет за ветеринарна медицина.

**Претставници на ИПА проект за воведување на нови ИПАРД мерки- LEADER и Советодавни услуги:**

# Прилог 2: Листа на набљудувачи на Комитетот за следење на ИПАРД

- Donald Aquilina – експерт за советодавни услуги.